**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Скопје, Јули 2016 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ број 27/14 и 199/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-2753/2 од 29.02.2016 година, (во натамошниот текст: министерството) и тоа:

**Административни службеници**

| Ниво | Број на систематизирани работни места- извршители | Пополнети работни места-извршители |
|---|---|---|
| А01 | 1 | 1 |
| Б01 | 15 | 13 |
| Б02 | 30 | 17 |
| Б03 | 15 | 8 |
| Б04 | 129 | 42 |
| В01 | 184 | 91 |
| В02 | 89 | 45 |
| В03 | 71 | 49 |
| В04 | 203 | 110 |
| Г01 | 89 | 77 |
| Г02 | 59 | 106 |
| Г03 | 22 | 20 |
| Г04 | 116 | 69 |
| ВКУПНО: | 1023 | 648 |

**Член 2**

Во членот 31, Сектор за организација и координација на подрачни единици во Подрачна Единица Пробиштип кај работното место со реден број 506 Советник за управување, обработка и анализа на податоците од регистрите на министерството се менува бројот на извршители наместо „1„ треба да стои „2„ извршители.

**Член 3**

Во членот 34, Одделение за стратешко планирање-независна единица кај работното место со реден број 614 Раководител на Одделение за стратешко планирање видот на образование се менува и наместо „Економски, Правни науки„ треба да гласи „Шумарство и хортикултура„.

**Член 4**

Во член 39 Државна фитосанитарна лабораторија под реден број 760 Раководител на одделение за испитување на семе, саден материјал, сортна чистота видот на образование се менува и наместо „Растително производство, Наука за земјиштето и хидрологија„ треба да стои: „Хемиско инженерсто, Хемиска технологија„

**Член 5**

Во член 39 Државна фитосанитарна лабораторија под реден број 771 Раководител на одделение за растителни болести видот на образование се менува и наместо „Наука за земјиштето и хидрологија, Заштита на растенијата, Растително производство„ треба да стои: „Растително производство, Добиточно производство (сточарство)„

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на добивањето писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

МИНИСТЕР,

м-р Михаил Цветков

Бр.04-6948/1

11.07. 2016 година

Скопје